Влада на Република Северна Македонија

**Национална комисија за борба против трговија со луѓе**

**и илегална миграција**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# НА НАЦИОНАЛНАТА КОМИСИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА

# ЗА

## 2019 година

Скопје, 2020

## Содржина


1. Поддржувачка рамка ........ 3

1.1 Координирачки структури ........ 3

1.2 Законска и регулаторна рамка ........ 5

1.3 Меѓународна соработка ........ 7

1.3 МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ ПОСВЕТЕНИ НА БОРБАТА ПРОТИВ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ И КРИУМЧАРЕЊЕТО МИГРАНТИ ........ 12

2. Превенција ........ 13

2.1 Идентификување на причини за појава на трговија со луѓе и илегална миграција ........ 13

2.2 Јакнење на капацитетите и реализација на превентивни активности ........ 15

2.3 Подигање на јавната свест и едукација ........ 24

3. Поддршка и заштита на жртвите и мигрантите ........ 30

3.2 Идентификација, упатување и дирекна помош на жртвите ........ 32

3.3 Правна помош на жртви на трговија со луѓе и мигранти ........ 34

4. Буџет ........ 35

5. Истрага и кривично гонење на трговија со луѓе и криумчарење мигранти ........ 36

5.1.1 Трговија со луѓе/дете ........ 36

5.1.2 Криумчарење мигранти ........ 38

5.2 Кривична постапка ........ 43

6. Препораки ........ 45

## 1.1 КООРДИНИРАЧКИ СТРУКТУРИ

Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција[1] (Комисијата) е тело кое ги обединува и координира сите засегнати страни во борба против трговијата со луѓе. Со Комисијата раководи Национален Координатор, а учествуваат негов заменик, секретар и членови на Комисијата.[2]

Во рамките на Комисијата од 2003г, како нејзини работни тела функционираат Секретаријатот[3], задолжен за реализација на одлуките на Комисијата и Подгрупа за борба против трговија со деца, (Подгрупа) етаблирана во 2003г, која ги следи специфичните потреби на децата жртви како и нивни потреби, штитејќи ги нивните права.[4]

Поради кадровски промени во Министерството за внатрешни работи (МВР) во 2017г, Владата на Република Северна Македонија (РСМ) именуваше нов Координатор на Националната комисија за трговија со луѓе и илегална миграција.[5]

Комисијата, континуирано одржува состаноци,[6] на кои се дискутираат и предлагаат битни решенија и заложби за унапредување на областа на трговијата со луѓе (ТЛ) и илегална миграција (ИМ).

Развиени се специјализирани механизми во борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција (ТЛиИМ) и направена е јасна распределба на задачи на институциите и организациите на

[1]Одлука објавена во „Службен весник на РСМ“ бр.18/2001 и 82/15.
[2]Членови на Комисијата, преставници на: МВР, МНР, МТСП, МП, МОН, МЗ, Министерство за здравство, Основно Јавно Обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Судија од Основен суд Скопје 1, Биро за развој на образование, Државен инспекторат за труд и Агенција за вработување на РСМ.
[3]Членуваат претставници од меѓународни организации, Здруженија на граѓани и експерти од владините институции: МВР-НЕСКМТЛ, МТСП-НМУ, Амбасада на САД, ICMPD, OSCE, IOM, UNHCR, GIZ, Регионален Центар- MARRI, програмска канцеларија на Совет на Европа, Македонско здружение на млади правници, СОЖМ, Здружението на граѓани „Отворена Порта-Ла Страда“, Здружението на граѓани „За среќно детство“, Здружението на граѓани „Семпер“ и Црвен крст на Република Северна Македонија.
[4]Претседава Советник за заштита и превенција од трговија со луѓе во МТСП-НМУ, а членуваат претставници на: МВР-НЕСКЕКМ, ЦГРМ-МВР, Амбасадата на САД; ICMPD, OSCE, IOM, Здружението на граѓани „Отворена Порта-Ла Страда“, Здружението на граѓани„За среќно детство“, Здружението на граѓани „Еднаков Пристап“и заменик Народен правобранител кој е во улога на надворешен член/набљудувач.
[5]„Службен весник на РСМ”, број 84/2017.
[6]Одржани се три состаноци во текот на изминатата година на 15.03.2019; 27.09.2019 и 03.10.2019;

централно и локално ниво во идентификација, помош и поддршка на жртви на ТЛ и ризични групи.

Во текот на 2019г, активностите за превенција и заштита на жртвите на ТЛ, Министерството за труд и социјална политика, (МТСП) како координатор на Националниот механизам за упатување на жртвите на ТЛ (НМУ) ги спроведуваше согласно Националната стратегија и Акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2016-2020г.

Сите спроведени активности се во соработка со Комисијата, Подгрупата, Центрите за социјална работа (ЦСР), Национална единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе (НЕСКМТЛ), здруженијата на граѓани и меѓународните организации, кои придонесоа кон унапредување на соработката и координацијата во справувањето со овој феномен.

Во насока на усогласен и координиран приод, МТСП иницираше и реализираше мерки и активности кои се однесуваат на превенција и заштитата на жртвите на трговија со луѓе (ЖТЛ) но исто така и јакнење на капацитетите на стручните лица во ЦСР и на трудовата инспекција. НМУ ги координира активностите преку социјалните работници во ЦСР (во 30 града на РСМ), кои имаат исклучителна улога во целиот процес од идентификација до ресоцијализација и реинтеграција на жртвите на трговија со луѓе.

Со цел децентрализација на Комисијата, во 2013г. беа формирани Локални комисии за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Битола и Тетово[7], а потоа во 2014г во Штип. Дополнително во 2016г Комисијата донесе одлука за формирање на три нови Локални комисии во Прилеп, Гевгелија и Велес. Имено, поради промените настанати како резултат на локалните избори, Комисијата достави барање до општините во кои веќе се формирани Локални комисии за назначување на претседатели на Локалните комисии и ревидирање на нивното членство. Во текот на 2019г се формираше нова комисија во Општина Куманово, која во текот на годината изработи Локален акциски план за 2020г и истиот беше изгласан и усвоен од страна на Советот на Општина Куманово.

Согласно препораките на Експертската група за трговијата со луѓе ГРЕТА, наведени во извештајот од 2017г како и насоките дадени во

[7]Локалната комисија формирана во Општина Тетово не е во функција поради недостапност и несоработката на Општината со институциите и организациите.

извештајот од 2017-2018г за напредокот на РСМ од страна на Стеј Департментот на САД, Комисијата донесе заклучок за отпочнување на постапка за воспоставување Национален Известувач, како *de jure* независна позиција со мандат за мониторинг на активностите за борба против ТЛиИМ, превземени од страна на државните институции и организации. Согласно одлуката на Владата на РСМ[8] беше изменета систематизацијата во рамките на Народниот правобранител и воспоставен нов Оддел, Народен правобранител – Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција. Официјално, од 01.12.2019г беше избрано и лице кое ја отпочна својата работа како Национален известувач како и лице кое е назначено за негов советник.

## 1.2 Законска и регулаторна рамка

***<u>Донесување на Закон за исплата на паричен надомест на жртви од кривични дела</u>***

Во јули 2019г. Министерството за правда (МП) формираше интердисциплинарна работа група, составена од претставници на сите надлежни институции, здруженија и меѓународни организации кои се дел од Секретаријатот на Комисијата, која во изминатиот период активно работеше на изработка на ***Законот за исплата на паричен надомест на жртви од кривични дела*** во кој е вклучено и кривичното дело трговија со луѓе. Со овој предлог закон, се адресира една од главните препораки на **ГРЕТА** за доследно спроведување на Конвенцијата на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе и останатите меѓународни стандарди во поглед на ефективно остварување на правото на обештетување на жртвите на ова сериозно кривично дело од страна на државата. Целта на наведениот закон е да се обезбеди правичен и соодветен паричен надоместок на жртвите од кривични дела сторени со насилство, како и спречување на секундарна виктимизација на жртвите. Со поддршка на Канцеларијата на Советот на Европа во Скопје, пружена е експертска помош за подготовка на Предлог – Закон од каде добиени се коментари од странскиот експерт Ван Дијк. Истите беа прифатени од работната група. Во овој период, добиени се и коментари од засегнатите институции, односно предлог Законот е во меѓувладина

[8] Бр.45-278/1 од 22.01.2019г

консултација. Во соработка со Собранието[9], Француската амбасада и Делегацијата на ЕУ, организирана е и панел дискусија на тема „Подобрен пристап кон надомест на штета за жртвите на ТЛ и родовото насилство“[10]. Со предлог законот се предвидуваат условите и постапката за остварување на правото на надоместок на жртви на овие кривични дела, видовите материјална и нематеријална штета, основањето, статусот, составот и надлежностите на посебна комисија којашто ќе одлучува по поднесените барања за обештетување, информирање, едукација и поучување на жртвите, како и други прашања.[11]

Една од клучните придобивки од долгогодишните заложби на Комисијата и Мисијата на ОБСЕ, е **воведување на начелото на неказнување на жртвите на трговија со луѓе/деца во кривичното законодавство на РСМ**. Со измените на Кривичниот законик,[12] кои стапија на сила 1 јануари 2019г, беше предвидена изречна одредба за неказнување на жртвите на кривичното дело трговија со луѓе (член 418-а, став 7) и кривичното дело трговија со деца (член 418-г, став 8). Суштината на ова начело/одредба е дека таа опфаќа неказнување, негонење и непритворање на жртвите. Новите одредби ќе овозможат поефикасна идентификација, помош и поддршка на жртвите, кои во голем број на случаи, со оглед на состојбата во која се наоѓаат, се принудувани од страна на трговците да вршат и самите други казниви дела. Примената на начелото на неказнивост ќе ги охрабри жртвите да соработуваат со органите на прогон во откривањето и казнувањето на сторителите.

Мисијата на ОБСЕ во соработка со Комисијата и Академијата за судии и јавни обвинители, организираше **циклус на обуки[13] за примена на начелото на неказнување** на жртвите наменета за сите релевантни субјекти, кои од различен аспект работат со жртвите на трговијата со луѓе/деца на откривање, гонење и пресудување на овие дела[14].

---

[9]Комисија за еднакви можности меѓу мажите и жените.

[10]на 4 ноември во Собранието (вкупно околу 100 учесници) - фаза II на проектот.

[11]Се очекува предлог законот да биде разгледан и усвоен од новиот парламентарен состав по изборите закажани за 12 април 2020 г.

[12]Службен весник на РМ бр.248/18г.

[13]Во рамките на овој циклус, една „обука на обучувачи“ се одржа на 17-18 октомври 2019, која беше проследена со две каскадни обуки, од која првата се одржа на 18-19 ноември, а втората обука на 27-28 ноември 2019г.

[14] Сите обуки имаа мулти-дисциплинарен карактер и со нив беа опфатени вкупно 70 претставници на судството, обвинителството, полицијата, социјалните служби, адвокатурата и граѓанските организации активни на планот на заштита и поддршка на жртвите на трговијата со луѓе/деца.

Мисијата на ОБСЕ помогна да се изготват **Насоки за примена на ова клучно начело,**[15] во кои детално се разработуваат националните материјално-кривични одредби и одредбите од релевантните меѓународни конвенции и стандарди, кои ќе се користат во следниот циклус на обуки кои ОБСЕ ги планира за 2020г.

Во 2019г **ИОМ**[16] обезбеди експертска поддршка за развој на подзаконски акт Правилник за куќниот ред на Прифатниот центар за странци, согласно член 196 став 1 точка 4 од Законот за странци.[17]

## 1.3 Меѓународна соработка

Во изминатата година беа остварени мошне значајни активности на планот на јакнење на меѓународната, регионалната и прекуграничната соработка. Покрај преговорите со Бугарија, Србија и Црна Гора кои резултираа со потпишување на Протоколи и договори за соработка во областа на борбата против ТЛ, беа реалозирани и **билатерални преговори помеѓу на РСМ, Република Бугарија и Република Грција со цел склучување на протоколи за соработка во борбата против ТЛ**. Првата официјална средба во рамки на **билатералните преговори со Република Грција** се одржа а 1-3 јули 2019г во Охрид. Со поддршка на ОБСЕ, **се планира преговорите со Република Грција да продолжат во март 2020г**, со посета на преговарачката делегација на РСМ. Во 2019 година Македонија го презеде претседателствувањето со Управната група (УГ) на Меѓународниот центар за развој на миграциска политика (ИЦМПД). На 71-от состанок на Управувачкиот комитет на ИЦМПД, државната секретарка Магдалена Несторовска ги презентираше приоритетите на Република Македонија за 2019 година, во кои акцент беше ставен на земјите од Западен Балкан и потребата од координиран и усогласен заеднички пристап кон овие земји како транзитни земји при илегалната миграција и нивните заеднички потреби и побарувања.

На 14-15 мај 2019 година во Охрид, се одржа 72риот состанок на УГ на ИЦМПД. Ова беше прв состанок на УГ за време Претседателството на

---

[15]Изработени од страна на проф. Владо Камбовски и проф. Гордана Лажетиќ-Бужаровска.
[16]во рамките на проектот "Зајакнување на националните капацитети во областа на азилот, миграциите и трговијата со луѓе" финансиран од Европската Унија.
[17]Службен весник на Република Македонија 97/2018г.

МВР на РСМ со ИЦМПД. На состанокот се разговараше за важни теми, како што се политички препораки за новото водство на ЕУ, мешани миграциски текови долж западнобалканската рута – тековна ситуација и перспективи, што како тема беше предложена од МВР на РСМ како претседавач со ИЦМПД, Програмата на земјите членки на ИЦМПД, за улогата на миграциските дијалози при управувањето со миграција во Европа; Програмата за партнерство за мобилност (ППМ).

Во рамките на вториот состанок на УГ, одржан на 9-10 октомври во Скопје, беше предложено **реактивирање на Работната група за Југоисточна Европа во рамки на Будимпештанскиот процес**. Активирањето на оваа РГ, која имаше минимална активност во периодот по 2014 година, кога Република Хрватска, влезе во ЕУ. РСМ го зеде како свој приоритет повторното активирање на оваа РГ, идеја која наиде на големо одобрување од страна на надлежните во ИЦМПД, а воедно и од страна на другите земји членки на ИЦМПД. За време на тој состанок, беше разговарано дека во рамки на групата е потребно да се направи анализа на постоечките *Стандардни оперативни процедури во регионот (за постапување со ранливи категории мигранти, со непридружувани малолетници, за жртви на трговија со луѓе)* со оглед дека овие процедури не се хармонизирани во сите земји и секоја земја поединечно ги регулира своите СОП. На основа на таквата анализа, подоцна, доколку земјите од регионот се согласни, може да се работи на постигнување на усогласени Стандардни оперативни процедури на регионално ниво што значително би ги олеснило натамошните постапки во сите земји[18].

Во периодот 30-31 јануари 2019г, на покана на ОБСЕ Националната Координаторка Магдалена Несторовска, оствари посета на Атина, Грција. Целта на патувањето беше учество на **Регионална работилница за спречување на трговија со луѓе за цели на трудовата експлоатација во глобалниот ланец на набавки.** Работилница беше дел од проектот на ОБСЕ за подигање на свеста за превенција на ТЛ, со посебен акцент на трудовата експлоатација и ангажирањето на приватниот и бизнис секторот во превенцијата и сузбивањето на оваа појава е несомнено многу важен од аспект на времето во кое живееме.

[18] Воедно, за време на овој состанок беше договорено дека Полска ќе одвојува по 20 000 евра за одржување на состаноци на оваа група во текот на следните 3 години, како и дека претседавањето ќе биде на ротациска основа, односно дека по РСМ, следен претседавач ќе биде Република Србија. Првиот состанок на оваа РГ ќе се одржи меѓу 4-6 мај 2020 година во Охрид, Северна Македонија, а подготовките за состанокот се веќе во тек. Темата на состанокот ќе биде *Заеднички системи на азил.*

На покана на ОБСЕ во Скопје, Националната Координаторка Несторовска, заедно со Директорот на БЈБ м-р Тасевски и Началникот на Секторот за гранични операции при МВР учествуваа на **Светскиот конгрес за безбедност на границите** кој се одржа на 19-21 март 2019г во Казабланка, Кралство Мароко. На конгресот се разгледуваа прашања поврзани со унапредување на соработката и размената на разузнавачки податоци со цел ефикасно справување со глобалните предизвици и закани за безбедноста и интегритетот на границите, посебно од организираните криминални групи кои се инволвирани во ТЛиКМ. Несторовска на Конгресот имаше излагање на тема *„Управување со миграции и мерки против трговијата со луѓе“* кое предизвика голем интерес меѓу присутните. На маргините на конгресот беа реализирани и билатерални контакти со делегации на земји од Африка и Азија и со претставници на различни меѓународни организации. Настанот беше искористен и за промовирање на активностите на РСМ во делот на граничното управување и борбата против ТЛ.

На покана на Специјалниот претставник и координатор за борба против ТЛ на ОБСЕ, Националната Координаторка Несторовска заедно со нејзината заменичка во периодот од 8-9 април 2019г во Виена, Австрија, земаа учество на **Конференција на 19та Алијанса на партнерите за борба против ТЛ** на тема *“Употребата на технологијата во борбата против* ТЛ“. Целта на Конференцијата беше како технологијата се злоупотребува за да се олесни ТЛ и како да се искористи нејзиниот потенцијал во борба против овој вид криминал за целите на сексуалната, трудовата и другите видови експлоатација.

Во периодот 16-17 мај 2019г во Драч, Албанија на покана од меѓународната организација *Terre des hommes*[19], во соработка Отворена порта како спроведувач на проектот, се одржа **регионална средба на Националните координатори за борба против** ТЛ. На Регионалната средба учество зема Националната Координаторка Несторовска, еден претставник од нејзиниот Кабинет и двајца претставници од НЕСКМТЛ.

Од 29-30 мај 2019г во Бечиќи, Црна Гора се одржа **Состанок на Националните Координатори за борба против ТЛ на Југоисточна**

---

[19]во рамки на проектот “Подобрување на услугите и свесноста за БТЛ на Балканот – Албанија, Северна Македонија, Црна Гора и Косово.“

**Европа**[20]. На Состанокот зема учество Националната Координаторка Несторовска заедно со нејзината заменичка. Целта на состанокот беше да се обезбеди *платформа за дискусија за пристапот до компензација на жртвите од трговијата со луѓе* како една од клучните одредби на Конвенцијата за акција против ТЛ на Советот на Европа како и зајакнување на партнерството/мрежата на Националните координатори на Југоисточна европа (ЈИЕ) во насока на споделување информации и подобра соработка.

Во приодот од 22-25 октомври 2019г, Мисијата на **ОБСЕ** организираше студиска посета во Мадрид каде учествуваа двајца претставници на граничната полиција и двајца претставници од секторот за азил при МВР. Посетата овозможи непосредна размена на искуства со колегите од Шпанија и запознавање со постапките за меѓународна заштита и одобрување на азил и справувањето со илегална миграција. За време на студиската посета, посебен акцент беше ставен на ограничувањето на слободата на движење на барателите на азил и важечката правна регулатива и постапки на земјите членки на Европската унија.

Исто така на покана на **ОБСЕ**, учествуваа повеќе професионалци на регионалната работилница, која што се одржа на 18 јули во Сараево, посветена на примената на насоките на ОБСЕ за идентификација на жртви на ТЛ по Западно-балканската рута, како и на регионалната работилница која се одржа на 9-10 декември на Малта, на тема мултидисциплинарен пристап и соработка во превенцијата и борбата против ТЛиКМ.

Во рамки на проектот „**Справување со трговијата со луѓе по мигрантските рути**“ кој започна да се спроведува од 2016г од страна канцеларијата на Специјалниот претставник и координатор на ОБСЕ за борба против трговијата со луѓе со седиште во Виена, во периодот од 16 -20 септември 2018г во Виченца, Италија се одржа петата обука во Центарот за полициска обука и стабилност (CoESPU). Меѓу 70 учесници од сите земји членки на ОБСЕ беа и четворица претставници на РСМ. Оваа практична и интерактивна обука, преку симулирани сценарија, им овозможи на различни профили на професионалци кои активно работат на планот на превенција, идентификација, помош и поддршка и правно застапување на

[20]Средбата беше организирана од ИЦМПД, во улога на Секретаријат на Националните координатори, Постојаната мисија на Франција во меѓународните организации во Виена, Канцеларија за дрога и криминал на Обединетите нации (UNODC) и Совет на Европа (CoE).

жртвите наТЛ, како и оние кои се надлежни за откривање и гонење на сторителите на овој вид на кривични дела да ги надградат своите сознанија и практични вештини во борбата против трговијата со луѓе во мешани миграциски текови.

Во организација на Канцеларијата на Совет на Европа 28 февруари, Скопје:Одржана е работилница за транснационална соработка во превенцијата и борбата против ТЛ со цел трудова експлоатација во соработка со Здружението „Отворена Порта“. Учествуваа претставници од националните институциите и Здруженијата, како и претставници од Албанија, Молдавија, Србија, Финска и Холандија (вкупно 38 учесници) - фаза I на проектот.

Регионален Центар за азил бегалци и миграција МАРРИ, Одржа состанок на Управувачкиот одбор на Проектот: Превенција и сузбивање на Трговијата со Луѓе во Западен Балкан[21] во Подгорица на 27 Ноември 2019г, а како член на Управниот одбор од страна на РСМ присуствуваше Националната Координаторка г-ѓа Магдалена Несторовска.

Во рамките на регионален проект[22] беа одржани два регионални состаноци на управниот одбор на проектот со преставници од 6 држави на Западен Балкан. Целта на состаноците беа главните и актуелните миграциски предизвици и борбата против криумчарењето мигранти како и споделување на добри пракси од регионот. Воедно во рамките на истиот проект се одржаа два состанока на шефови на гранична полиција од 6те држави со цел размена на искуства за миграциската состојба во земјите на Западен Балкан, нови трендови и планови на подготовка.

**Здружението на граѓани против насислтво и трговија со луѓе „Отворена Порта-Ла Страда“** во текот на 2019г, учествуваше на повеќе меѓународни настани, како што се:

- 63 та Комисија на Статусот на Жената, Њу-Јорк.
- Транснационална соработка за идентификација и упатување на потенцијални жртви со фокус на трудова експлоатација[23] во заедничка соработка со Совет на Европа.

[21]Preventing and Combatting of Trafficking in Human Beings in Western Balkan – PaCT.

[22] „Зајакнување на капацитетите и механизмите за идентификување и заштита на ранливи категории мигранти во државите на Западен Балкан – фаза III“

[23]28 февруари 2019, Скопје, Триесет и осум учесници од Албанија, Финска, Молдавија, Холандија, Србија и земјата домаќин.

- Интернационален семинар[24] за Компензација како дел од проектот „КонечноПравда“ организирано од Ла Страда Интернационална.
- Полициската академија[25] во Загреб, Модул 2 Трговија и криумчарење на луѓе на покана од Американската амбасада од Скопје.
- Втора регионална социјална академија „Социјални претпријатија - иновативен модел за одржливо испорачување на услугите и интеграција на маргинализираните групи на пазарот на трудот и општеството“[26]
- Вториот регионален состанок на проектот "Подобрување на испораката на услуги и свеста за борба против ТЛ на Балканот, Албанија, Северна Македонија, Црна Гора и Косово."[27]
- "Глобалната консултација за превенција на трговија и несигурна миграција."[28]
- Ла Страда НВО Платформа[29] е создадена од 25 ГО од Европа, организации кои работат на ТЛ. Прес конференција и состанок на партнери на Балкан Делувај Сега! БАН 3.[30]

## 1.3 МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ ПОСВЕТЕНИ НА БОРБАТА ПРОТИВ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ И КРИУМЧАРЕЊЕТО МИГРАНТИ

Како резултат на интензивни шестмесечни преговори, преговарачкиот тим на РСМ предводен од Министерот за внатрешни работи г.Оливер Спасовски и преговарачкиот тим на Бугарија, Министерот за одбрана на г.Красимир Каракачанов, на 23 јули 2019г во Охрид, со поддршка на Мисијата на **ОБСЕ**[31] каде потпишаа **Протоколот за соработка во борбата против трговијата со луѓе** меѓу Владата на РСМ и Владата на Република Бугарија.

---

[24]27-28 мај.2019г.

[25]27- 31.Мај, 2019г.

[26]се одржа од 27 - 30 мај 2019 година во Тирана, во рамките на мрежата на ИРИС.

[27]финансиран од страна на Соединетите Американски Држави преку програмата за следење и борба трговија со лица #jtip се одржа во мај.2019. година во Албанија, 35 лица учествуваа на овој настан, одржан од државните институции на националниот механизам за упатување, засегнатите страни во релевантните земји како и партнерските организации во четирите земји.

[28]03.04.2019 Бангкок.

[29]18-20 Ноември 2019, во Истанбул, Турција.

[30]Белград 2-4 декември 2019г.

[31] Во рамки на преговорите помеѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија се одржаа две средби на преговарачки делегации на двете земји - првата на 7-9 февруари 2019 во Софија, а втората состанок на 26-28 јуни 2019 во Скопје.

Во рамките на регионален[32] проект беа организирани два експертски состаноци помеѓу делегациите на РСМ и Србија. За време на состаноците беа утврдени елементите на **Договорот за соработка во областа на борбата против ТЛ и Договорот за соработка во областа на борбата против криумчарењето мигранти**. Целта на договорите е зајакнување на соработката, размената на информации, искуства, и заеднички истраги помеѓу двете држави. На 16.12.2019г во Скопје, беа потпишани два Договори меѓу Владата на Р С М и Владата на Република Србија за *Соработка во областа на борбата против трговија со луѓе и соработка во областа на криумчарењето мигранти.* Договорите ги потпишаа Министрите за внатрешни работи на РСМ, и Рсрбија.

Во текот на 2019г беа потпишани **спогодби** за соработка во областа на трговија со луѓе помеѓу РСМ со Црна Гора, Бугарија и Србија, додека со Р Грција е во фаза на подготовка.

Во рамки на проект[33] билатерално беше потпишана декларација како Анекс на дополнителниот протокол за интензивирање на соработката за борба против трговија со луѓе меѓу Р. Северна Македонија и Р. Албанија за усвојување на Унифицирани Стандардни оперативни процедури (УСОП) за транснационална соработка и раководење со случаи за заштита на жртвите и потенцијалните жртви на трговија со посебен фокус на децата. Дополнително со одлука на Национална Комисија беше назначена г-ѓа Ана Бурагева Алексова како лице за контакт во случаи на идентификување на жртви од Р. Северна Македонија и/или Р. Албанија.

## 2. Превенција

### 2.1 Идентификување на причини за појава на трговија со луѓе и илегална миграција

Во Јули 2019г ИЦМПД заврши со имплементација на проектот *Study on Trafficking Resilience and Vulnerability en route to Europe (STRIVE).* Станува збор за истражувачки проект кој ги опфаќаше земјите:

---

[32]„Зајакнување на капацитетите и механизмите за идентификување и заштита на ранливи категории мигранти од земјите на Западен Балкан" – фаза III, имплементиран од страна на ИОМ со поддршка на Бирото за бегалци, мигранти и население при Стејт департментот на САД.

[33] "Подобрување на сервисите и подигнување на свеста за борба против трговијата со луѓе на Балканот - Албанија, Северна Македонија, Црна Гора и Косово"

Бугарија, Грција, Унгарија, РС М и Србија (земји на тразит и прво пристигнување во ЕУ долж трасата на Западен Балкан), Германија (една од најважните земји на дестинација), и Италија (земја на прво пристигнување во ЕУ), долж централната медитеранска рута. Цел на проектот беше да се обезбедат информации за феноменот на ТЛ во контекст на илегалните миграциски рути во Европа, како и кои катергории на бегалци/мигранти се поранливи, а кои поотпорни на ризиците од ТЛ. Целта на истражувањето беше да се зацртаат активности за спречување на ТЛ долж мигрантските рути, поефикасно идентификување и заштита на жртвите, како и гонење на сторителите. ИЦМПД спроведе академско истражување во СРМ со сите релевантни чинители, меѓу кои и со претставници на Комисијата. Истражувачката фаза во сите земји учеснички во проектот заврши во октомври 2018г. Во текот на 2018г се одржаа и две истражувачки работилници: Белград (јули) и Софија (октомври). Наодите од истражувањето за РСМ, како транзитна земја на рутата, се инкорпорирани во финалната студија која што официјално беше презентирана во март 2019г на конференција во Атина, на која учествуваа и четворица претставници од РСМ.

Мисијата на ОБСЕ, исто така, помогна во изработка на **едукативни материјали - Прирачник и Практикум за заштита на учениците од трговија со луѓе** (**на македонски и албански јазик**), кои се наменети за користење на наставниците во образовниот процес. Материјалите првично беа изготвени од страна на УНИТАС фондацијата од Србија и истите целосно се прилагодени на важечкото законодавство, процедурите и институционалната рамка на државата. Користењето на едукативните материјали во образовниот процес беше официјално одобрено од страна на Бирото за развој на образованието при Министерството за образование и наука (МОН).

На иницијатива на Здружението „Отворена Порта“ беа оформени Работни групи[34] на национално ниво кои работат на преглед на индикаторите од алатката за мониторинг на состјбата на ТЛ и квалитетот на услуги. Главните препораки на работните групи беа: процесот да се продолжи со назначениот Национален известувач; да се развијат инструменти за набљудување и прашалници за

[34]На **7 ноември 2019** г се организираше средба со првата работна група (судии и обвинители и граѓански организации), втората средба се одржа на **11 ноември** со втора работна група (полиција, ЦСР и ГО). Следниот чекор беше втор преглед на индикаторите со сите засегнати страни на третата работилницата која се одржа на **29 ноември 2019** г во Скопје. Членови на работните групи се претставници од МВР, канцеларијата на јавниот обвинител, Основниот суд, МТСП ЦСР, канцеларијата на граѓански организации и народниот правобранител и канцеларијата на Националната комисија.

прибирање на податоци; равој на софтвер лесно употреблив и адаптабилен; да се започне/продолжи со собирање податоци.

## 2.2 Јакнење на капацитетите и реализација на превентивни активности

Во текот на 2019г 542 претставници на МВР (НЕСКМТЛ, РЦГРМ, СВР, ПС) учествуваа на повеќе обуки, семинари, работилници, студиски посети и слично организирани од страна на МВР, меѓународни организации и здруженија, Амбасада на САД, кои беа насочени кон зајакнување на капацитетите на полициските службеници во идентификување на случаи на ТЛиКМ; обуки за постапување согласно Стандардните оперативни процедури (СОП); подигање на свеста во сузбивањето на ТЛиКМ; јакнење на националните капацитети во областа на азилот, миграциите и ТЛ ИПА-2016; примена на новите одредби во Кривичниот законик за неказнување на жртви на трговија и сл.

На 3-4 декември 2019г во Скопје се одржа дводневна **Работилница за претставниците на Локалните комисии за борба против ТЛ и ИМ**[35] на РСМ. Работилницата беше во организација на Комисијата и Секторот за преговори и евроинтеграција при МВР, а поддржана од **УНХЦР**. Целта на Работилницата беше меѓусебно запознавање на членовите на Локалните комисии од сите градови каде се формирани, како и презентирање на предизвиците со кои се соочуваат на локално ниво и детектирање на степенот на спроведување на локалните акциски планови.

Имајќи во предвид дека градењето на капацитетите на вработените во институциите е од големо значење, во изминатиот период спроведени се серија на обуки наменети за различни профили професионалци. Овие обуки беа во насока на имплементација на Препораките на ГРЕТА за јакнење на капацитетите на социјалните работници за идентификација, на Извештајот за трговија со луѓе од Стејт Департментот за 2018г каде се бара зајакнување на улогата на НМУ и проактивна идентификација.

Во тој контекс, со поддршка на ИОМ спроведени се следниве активности:

[35] 45 учесници од Националната комисија, шест локални комисии: Куманово, Штип, Велес, Гевгелија, Битола, Прилеп и мобилните единици.

- во јануари 2019г обука за работа со деца жртви на трговија со луѓе со фокус на интервју и третман на траумите, наменета за психолози и социјални работници, во која се вклучи персоналот од малите групни домови, вкупно 25 лица;
- во јануари – февруари 2019г заедничка обука на социјалните работници со Task Fors за организиран криминал и ЈО со цел координирани постапувања и постапувања во насока на заштита на правата на жртвите, вкупно 25 учесници;
- во рамки на проектот на ИОМ „Зајакнување на националните капацитети во областа на азилот, миграцијата и трговијата со луѓе“, финансиран од Европската унија, обучени се (260) претставници на МВР; и
- во рамки на истиот проектот на ИОМ во период септември-ноември, зајакнати се капацитетите дополнително на уште 299 претставници на МВР и 93 социјални работници преку 18 основни обуки за борба против трговија со луѓе и криумчарење мигранти.

Соработка со Совет на Европа (*Horizontal Facility Action on Preventing and Combating Trafficking in Human Beings)*

Во рамки на **Хоризонталниот инструмент - проектот за трговија со луѓе одржана е симултана обука** за зајакнување на капацитетите на сите релевантни институции за спревување со трговија со луѓе со цел трудова експлоатација. Од 16 до 18 декември 2019г спроведена е напредна мултидисциплинарна обука која беше практична вежба (симулација) заснована на сценарио од реалниот живот, насочена кон трудовите инспектори со понапредно знаење на ТЛ заради трудова експлоатација, полициските службеници, социјалните работници, правниците и претставниците на Здруженија а со претходно искуство со случаи на ТЛ. На обуката присуствуваа 25 учесници.

**Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“**, во референтниот период има спроведено 11 советувања од областа на трговијата со луѓе и илегалната миграција на следните теми: „Трговија со луѓе и криумчарење на мигранти“[36]; Водење на ефективни финансиски истраги, конфискување на незаконски имот и постапување со барањата за обесштетувањена жртвите на трговија со луѓе“;„Новините во Кривичниот законик во однос на неказнувањето на жртвите на трговија со луѓе“. На советувањето

[36] 8 дводневни обуки за 190 судии и јавни обвинители спроведени со поддршка на ИОМ во рамките на проектот „Зајакнување на националните капацитети во областа на азилот, миграцијата и трговијата со луѓе“, финансиран од Европската унија

учествувале вкупно 275 учесници од кои 34 судии, 45 јавни обвинители, 81 стручни соработници и 115 претставници од други институции.

Во насока на јакнење на капацитетите на органите на откривање и прогон, **Мисијата на ОБСЕ во Скопје** во соработка со Комисијата организираше повеќе обуки и едукативни активности. Така, на 2-4 април, беше спроведена обука за техниките за интервјуирање на деца и жртви на сексуално насилство, на која учествуваа над 30 учесници, претежно инспектори на НЕСКМТЛ, како и социјални работници и обвинители. Обуката овозможи нивно запознавање со современите и меѓународно-признати техники и методи на постапување и земање исказ од деца изложени на насилство и експлоатација. На 7-8 октомври, се одржа работилница посветена на ограничувањето на движењето на барателите на азил согласно ЕУ Директивата 2013/33, на која учествуваа 12 претставници на МВР и Здруженија.

Исто така, на 14-18 октомври, во организација на ОБСЕ беше спроведена петдневна интерактивна обука, преку симулирање на улоги, која ги зајакна оперативните капацитети на 20 претставници на НЕСКМТЛ, социјални работници и Здруженија, како и механизмите за меѓу-институционална размена на податоци и соработка.

Во соработка со Комисијата и МТСП, **ОБСЕ** работеше на унапредување на улогата, ефикасноста и одржливоста на мобилните тимови за постапување со ранливи категории лица и жртви наТЛ. Во таа насока, на 25-26 ноември 2019г, врз основа на потребите и барањето на членовите на мобилните тимови, за прв пат е организирана работилница за техники за справување со стрес каде учествуваа 20 членови од МТ.

Мисијата на **ОБСЕ и МОН**, продолжи да ги зајакнува капацитетите за реализација на превентивни активности во образовниот систем преку продолжување на циклусот на обуки на наставниот кадар, кој започна во претходната година. Имено, на 16-17 април 2019г, се одржа обука на која учествуваа 20 наставници од повеќе средни училишта во државата. Последователно, наставниците продолжија да ги споделуваат стекнатите знаења со нивните колеги, како и со новите генерации на ученици.

Во 2019г **ИОМ**[37] организираше 38 дводневни обуки за јакнење на капацитетите на професионалците во областите на трговијата со луѓе и криумчарењето на мигрантите. Обуките беа спроведени од страна на национални експерти со цел јакнење на капацитетите на 889 (од кои 48% жени) социјални работници, членови на Таск форсе, мобилни тимови за идентификација, упатување и заштита на ЖТЛ, претставници на МВР, судии и обвинители на тема трговија со луѓе и криумчарење на мигранти[38].

Воедно спроведени се две, дводневни регионални обуки за јавни обвинители од Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција и Судии од одделот за организиран криминал при Основен Суд Скопје 1 Скопје на тема „Културолошка компетентност, познавање и свест работејќи со странски државјани поврзано со кривични истраги на трговија со луѓе и криумчарење мигранти."[39]

Во февруари, 2019г беше организирана дводневна специјализирана обука за 32 постојани полициски членови од НЕСКМТЛ и 5 Јавни Обвинители од Основното Јавно Обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција[40].

**Канцеларијата на Советот на Европа** во Скопје преку проектот од *Хоризонталниот инструмент на Совет на Европа и Европската Унија* со поддршка на Комисијата и во соработка со МТСП и Државен трудов инспекторат спроведе:

- Мулти-дисциплинарна обука за превенција и борба против ТЛ со цел трудова експлоатација за трудови инспектори, членови на мобилните тимови и Стопанската комора[41]
- Напредна обука за ТЛ со цел трудова експлоатација[42] во вид на практична вежба-симулација за трудови инспектори, полиција, социјални работници, правници и претставници на Здруженија,

[37]во рамките на проектот "Зајакнување на националните капацитети во областа на азилот, миграциите и трговијата со луѓе" финансиран од Европската Унија.
[38] Деталните информации за бројот на учесници по обука се прикажани на страна 12 и 13 од овој извештај
[39]Во рамките на регионалниот проект „Зајакнување на капацитетите и механизмите за идентификување и заштита на ранливи категории мигранти во земјите на Западен Балкан" – фаза III .
[40] Работилницата се организира во рамките на регионалниот проект „Зајакнување на капацитетите и механизмите за идентификување и заштита на ранливи категории мигранти во замјите од Западен Балкан – фаза III"
[41]19-21 септември, х. Дрим, Струга: (вкупно 39 учесници). Во рамките на обуката, претставник од МТСП одржа предавање за НМУ и родовата компонента, а претставник од МВР ги запозна присутните со улогата на НЕСКМТЛ - фаза II на проектот.
[42]16-18 декември, Охрид: (вкупно 34 учесници) - фаза II на проектот.

- Мулти-дисциплинарна обука за ТЛ со цел трудова експлоатација за трудови инспектори[43], со учество на претставник од НМУ и НЕСКМТЛ.
- Во соработка со МТСП и Општина Центар, беше организирана работилница за откривање и идентификување на прелиминарни жртви на трговија со деца со цел трудова експлоатација[44] за директори, психолози и педагози во основните училишта во општина Центар. За учесниците беше подготвен материјал насловен како“ *Индикатори за идентификација на деца/ученици потенцијални жртви на трговија со луѓе за трудова експлоатација за образовните кадри.*”[45]
- Во соработка со МТСП и Општина Центар, се одржа првата пилот обука за препознавање на индикаторите на трговија со деца со цел трудова експлоатација и упатување на потенцијалните жртви.[46] Учесници беа наставници, педагози, логопеди, психолози од 7 основни училишта на територија на општина Центар.
- Во соработка со Академијата за судии и обвинители, организирана е обука за финансиски истраги, конфискација на нелегално стекнат имот, и процесирање на барања за надомест на штета за судии, обвинители и адвокати.[47]
- Во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители, ХЕЛП курсот за превенција и борба против ТЛ е преведен на македонски јазик и адаптиран од страна на судија и јавен обвинител. Следните чекори се негово прикачување на ХЕЛП платформата.[48] Обуката за финансиски истраги и конфискација на нелегално стекнатите средства, како и ХЕЛП програмата за борба против ТЛ на македонски јазик овозможува зајакнување на капацитетите на правосудните органи во борбата против ТЛ преку овозможување на пристап кон алатка за учење на дистанца и компаративен преглед на добри пракси од Европски земји.

---

[43] 24-25 јануари, х. Радика, Маврово: (вкупно 48 учесници) - фаза I на проектот.
[44] 15 февруари, х. Холидеј Ин, Скопје: (вкупно 28 учесници) - фаза I на проектот.
[45] Подготвените Индикатори за деца жртви на трговија со луѓе за наставници и стручни служби од фокус групи на кои учествуваа членови на Подгрупата за борба против трговија со деца, наставници и стручни служби во училишта, претставници на здруженија на граѓани и други релевантни чинители се креира листа на индикатори за препознавање на ученици потенцијални жртви, со фокус на трудова експлоатација на децата доставени се до Бирото за развој на опразование за да станат интегрален дел од програмата во училиштата.
[46] 2 април, х. Парк и Спа, Скопје: - фаза I на проектот.
[47] 27-28 март, х Метропол, Охрид: Обуката е спроведена од 3 меѓународни експерти (Италија, Холандија и Обединетото Кралство) и од 2 домашни судии (вкупно 34 учесници) - фаза I на проектот.
[48] август 2019 – тековно: - фаза II на проектот.

**Македонското здружение на млади правници (МЗМП)** преку проектот на ***УСАИД** за заштита на човековите права на бегалците и мигрантите*, во рамките на првата компонента – *Зајакнување на капацитетите на теренските работници*, спроведе обуки за претставници од различни организации кој се однесуваат на примена на четири Стандардни оперативни процедури[49]: СОП за постапување со непридружувани малолетници, СОП за постапување со ранливи категории на лица, СОП за постапување со жртви на родово-базирано насилство, СОП за постапување со жртви на трговија со луѓе. За сите обуки кои се однесуваат на примена на СОП, фокусот е ставен на третманот и постапувањето на теренските работници со бегалците и ирегуларните мигранти. Дополнително, МЗМП одржа и две специјализирани обуки за борба соТЛ[50] кои беа наменети за теренските работници за примена на СОП. Исто така од страна на МЗМП организирани се две обуки[51] за адвокати за застапување и правна заштита на жртви на трговија со луѓе.

Во 2019г, **МЗМП** продолжи да учествува со свои претставници во Мобилни тимови за идентификација на ранливи категории, вклучително и жртви на трговија со луѓе формирани во 2018г и обезбедува правна помош во однос на правните механизми за заштита на правата на жртвата на ТЛ преку свои адвокати со кои соработува, и обезбедува можности за поднесување на барање за компензација за жртвата во парнична постапка.

**Здружението „Отворена Порта-Ла Страда“** во текот на 2019г спроведе три обуки за застапување и собирање на податоци и анализи, наменети за 10 здруженија грантисти[52]

1 Тродневна обука за обучувачи „Превенција од трговија со луѓе/деца“ наменета за професори и стручен персонал од средните училишта од РСМ.
2 Работилница на тема Превенција од трговија со деца[53] за претставници од образовните институции од Гевгелија,( 35

[49]Подетално, во 2019 година одржани се 4 обуки од кои *една* за примена на СОП-от за постапување со жртви на трговија со луѓе. Првата обука е одржана од 25-27 Март 2019, втората од 27 Март-01 Април 2019, третата од 08-10 Мај 2019 и четвртата од 17-19 Јуни 2019. Подетално, на обуките присуствуваа претставници од Центарот за управување со кризи, МТСП, Министерство за здравство, Центрите за социјална работа, претставници од НЕСКМТЛ при МВР (Task Force), претставници на мобилните тимови за борба против трговија со луѓе како и претставници на меѓународните организации и национални Здруженија.

[50]15-17 март 2019 и 18-20 Октомври 2019г.

[51]27-29 ноември и 25-27 октомври 2019г.

[52]во рамките на проектот #ПрепознајПочитувајОстварувајПрава финансиран од ЕУ.

[53]Отворена Порта во соработка со Локалната Комисија за борба против ТЛ и илегална миграција од Гевгелија, на 22.05.2019 година, во Гевгелија ја спроведе Работилницата.

учесници) кои имаа можност да се запознаат со сите услуги кои ги нуди Отворена Порта. Дополнително, претставникот од Локалната Комисија од Гевгелија се запознаа со улогата и работата на Комисијата на локално ниво.

3 Обука за „Трговија со луѓе“ наменета за Здруженија од Македонија.

Покрај организираните обуки во насока на јакнење на капацитетите на надлежните институции Здружението „Отворена Порта-Ла Страда“ организираше:

- **Тренинг за процес на застапување,**[54] посветен за процесот на застапување и планирање на застапувањето. Посебен дел од обуката беше посветен на буџетското застапување, периодот на застапување и какви промени може да се постигнат.
- **Тренинг за собирање податоци и анализи** беше реализиран од 26-ти до 28-ми јуни 2019г во Охрид (23 лица од 10 Здруженија). Обуката се фокусираше на потребата од собирање и анализирање на податоците, како и значењето на прибирање податоци заедно со процесот на застапување.
- **Тренинг за мониторинг на политики** се одржа на 25-27 септември 2019г во Маврово со 25 претставници од истите 10 Здруженија. Обуката беше насочена кон подобрување на вештините за набљудување потребни да се обезбеди независно набљудување и следење на внатрешните случувања околу ТЛ.
- Работилница за Здруженијата кои обезбедуваат социјални услуги беше со цел да ги запознаат со новиот Закон за социјална заштита.[55] Работилницата беше спроведена на 31.10.2019г во присуство на 18 Здруженија кои обезбедуваат директни социјални услуги на ранливите категории награѓани. Претставник од МТСП го презентираше новиот закон и можностите достапни на Здруженијата во однос на давање на социјални услуги, истакнувајќи ја важноста за обезбедување квалитетни услуги што ги исполнуваат стандардите.
- **Работилница за обезбедување услуги во ЦЛЖТЛСН се организира** на 11.12.2019г во Скопје за вработените во ЦЛЖТЛСН, а фокусирана на практични предизвици со кои се соочуваат вработените за време на работата во центарот.

---

[54] на 16 и 17 мај 2019 г. во Охрид вкупно 22 претставници на ГО беа активно вклучени во обуката.

[55]донесен на 21 мај 2019г.

- Отворена порта активно се вклучи во иницијатива за развивање на соработката со хотелиерството преку заедничка средба и дополнително спроведување на обуки за вработените од хотелите на Акор групацијата во Македонија. На обуките на 19 и 25 јуни и 2 и 3 јули 2019г се зборуваше за феноменот на ТЛ, моменталните состојби и постоечки механизми за идентификација, упатување и заштита на жртвите од ТЛ, особено процедурите кои се однесуваат на децата жртви. Шест организации од Македонија добија помош во процес на лиценцирање на социјалните услуги преку Менторска програма овозможена преку Ирис проектот.
- Организацијата преку проектот Ирис помогна на 5 Здруженија од Македонија да добијат грантови од повикот за **Шема на мали грантови**. Програмата за мали грантови – беше отворена само за организациите – членки на националните ИРИС мрежи од 5 земји: Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, РСМ, особено мали (грасрутс) организации.
- Во јуни 2019г, организацијата додели 2 грантови од проектот: „Балкан делувај сега 3". 2 Здруженија во наредниот период ќе ги спроведуваат своите проекти со поддршка од Отворена Порта. Главната цел на овој грант е вклучување на други Здруженија во мониторинг и активности за застапување за спречување ТЛ и заштита на жртви.
- На 01.03.2019г. во рамките на Иницијативата за социјалната димензија, проект што го спроведува германската организација АСБ[56] во земјите од Западниот Балкан, МТСП и Отворена порта Ла Страда Македонија, ја започнаа соработката со општините за подобрување на нивните социјални услуги. Во проектот учествуваат 9 општини од РСМ кои во текот на Иницијативата ќе работат на развој на проекти за подобрување на социјалните услуги што им ги нудат на своите граѓани.[57]
- 21 јуни, Скопје Национална конференција "Иницијатива за социјална димензија" (SDI) за Западен Балкан: "Никој не е изоставен во процесот на ЕУ интеграции." Овој настан (над 100 учесници) беше организиран од германската невладина организација Arbeiter Samariter Bund, Југоисточна Европа, заедно со локалниот партнер Отворена Порта - Ла Страда и МТСП. На настанот присуствуваа и претставници на Владата, Германска

[56] https://asb-see.org/

[57] Информативната сесија се одржа на 20.2.2018г. во Скопје, 20 претставници на општините беа учесници (Липково, Ресен, Кавадарци, Боговиње, Гостивар, Босилово, Центар Жупа и Врапчиште).

амбасада во РСМ, претставници на локални и регионални Здруженија, меѓународната заедница и општините, како и членови на регионална ИРИС мрежа. Главните теми се однесува на социо-економската перспектива на РСМ, каде што МТСП- Мила Царовска, ги презентираше состојбите во социјалната политика и вработувањето, како и реформите во овие системи во последните неколку години.

- Во текот на 2019г, како дел од проектот „Стратешко партнерство за развој на социјална агенда за промени: Препознај, Почитувај, Остварувај Права", Отворена Порта-Ла Страда Македонија иницираше национална платформа за превенција и БПТЛ.
- Граѓанска платформа за спречување и борба против присилна работа, модерно ропство и ТЛ, 11 локални Здруженија, позитивно одговорија на иницијативата на Отворена Порта-Ла Страда и создадоа национална платформа за заедничка акција за спречување и борба против ТЛ и други сродни социјални феномени. Во периодот јуни-октомври 2019г, преку низа работилници и електронска комуникација, основачите на платформата ја дефинираа својата стратегија за дејствување за периодот 2020-2024г. Заедно со стратегијата, членовите изработија и Декларација за промовирање на пристап базиран на човекови права во БПТЛ.
- Креирана е нова тематска веб-страница како дел од проектот Стратешко партнерства за промени. Веб страната ги промовира сите активности на Здруженијата кои се дел од националната платформа за Превенција и Борба против експлоатација.

**Здружението на граѓани „За среќно детство„** во рамките на програмата за 2019г за зајакнување на капацитетите одржа обуки за психосоцијална заштита на жртви на ТЛ на 14 волонтери. Исто така двајца волонтери во мај учествуваа на обука за млади лидери за психосоцијална помош на жртви на трговија со луѓе во Атина.

Петта година по ред волонтери од Здружението поминуваат обука на студенти за опсервација на деца на улица. Оваа година на филозофскиот факултет во март спроведени се 2 обуки од по 3 дена и обучени се 15 студенти. Обуките беа збогатени со содржини за работа со деца на улица. Волонтерите еднаш во неделата ги реализираа активностите во 5 општини во Скопје на нај фрекфентните раскрсници во градот. Реализирани се 24 опсервации од каде се евидентирани 11 деца на улица како потенцијални жртви

на трговија со дете, од кои 3 деца се потенцијални жртви на трудова експлоатација.

Здружението на граѓани „**За среќно детство**„ во месец јуни спроведе обука на лица со посебни потреби вработени во ресторантот „Амбрела„ на кои учествуваа 7 лица со посебни потреби за заштита од трговија за трудова експлоатација. Исто така спроведе обука за 16 студенти кои ја користат програмата „Патувај и работи„ за превенција од ТЛ за трудова експлоатација.

## 2.3 Подигање на јавната свест и едукација

Во текот на 2019г **СОС линијата 080011111 за помош од трговија со луѓе** на Здружението „Отворена Порта-Ла Страда" продолжи со функционирање, при што телефонски оператори обезбедуваа информации, помош, поддршка и упатување секој ден од 08-20 часот, 7 дена во неделата.

За периодот јануари – декември 2019г, на СОС телефонската линија регистрирани се 348 повици (207 жени, 141 мажи). Повиците се претежно превентивно-едукативни со цел да добијат информации, емоционална и психо-социјална поддршка и асистенција и други повици поврзани со ТЛ.

- **Европскиот ден за борба против трговија со луѓе (18ти октомври)**

Беше одбележан со организирање на информативен настан во Порта Македонија со поддршка на **ИОМ.** Свое излагање на настанот имаа Државната секретарка во МВР и Национална координаторка заедно со Државната секретарка од МТСП, и Раководителката на канцеларијата на Меѓународната организација за миграции - ИОМ Скопје.[58] Дополнително, здружението **Отворена Порта - Ла Страда** во соработка со Accor Group, светски водечка хотелиерска групација и Националната комисија за борба против трговија со луѓе во пресрет на Европскиот ден за борба против трговијата со луѓе потпишаа кодекс за соработка. Кодексот е прв од ваков тип во хотелиерската индустрија во нашата држава и е насочен кон заштита на децата од сексуална злоупотреба во индустријата за патувања и туризам.

[58]Медиумска покриеност на настанот за одбележувањето на Европскиот Ден за борба против трговија со луѓе со организирање на 18 октомври 2019 г во Порта Македонија, 16 информативни портали, 3 весници и 4 ТВ станици, како и на официјалните веб страни на МВР, МТСП и ИОМ. Над 70,000 прегледи на информативните видеа на кампањата за борба против трговијата со луѓе во 2019 г со поддршка на социјалните мрежи на ИОМ со седиштето во Женева.

Свечениот чин на потпишување беше во хотел Ибис кое беше проследен со премиерно прикажување на видео спот за промоција на СОС линијата за информација и превенција од трговија со луѓе. Настанот беше искористен и за дистрибуција на постери за борба против трговијата со деца на 3 јазици (македонски, албански и ромски) изработени со поддршка на Канцеларијата на Совет на Европа.

**Здружението за еднакви можности СЕМПЕР,** на 17- ти Октомври организираше 2 работилници за ученици од основното училиште „Св. Климент Охридски" од Битола. Исто така пред комплексот ВЕРО во Битола беше организирана и улична акција за дистрибуција на информативно едукативен материјал (лифлети, флаери) на пошироката јавност во Битола. Целта беше подигнување на јавната свест кај граѓаните за проблемот наТЛ. Директни учесници на работилниците беа 70 ученици кои беа едуцирани за ризиците, опасностите и последиците од ТЛ, а резултатите од овој вид активности беа:

- Подигнување на јавната свест за овој вид организиран криминал,
- Информирани над 200 ученици од основните и средните училишта во Битола за проблемот на трговија со луѓе преку дистрибуција на информативен материјал (флаери, лифлети),
- Објавени неколку стати на веб страната на ОУ Св. Климент Охридски за реализираните активности на тема трговија со луѓе од страна на Здружението СЕМПЕР.

**Црвен крст на Република Северна Македонија** - Во рамките на одбележување на Европскиот ден за борба против трговија со луѓе – 18 октомври, одржа 28 работилници за врсничка едукација на млади во кои учество земаа 720 ученици од основни и средни училишта.

-Дистрибуира 3.000 информативно едукативни материјали (флаери) на млади во основни и средни училишта.

-Со поддршка на Агенцијата за млади и спорт одржа 3 форум театри во Неготино, Велес и Свети Николе и 27 работилници за врсничка едукација на млади во кои учество земаа 814 ученици од основни и средни училишта.

**Здружението на граѓани „За среќно детство"** по повод 18 Октомври Европски ден за борба против ТЛ спроведе основна еднодневна обука за ТЛ на студенти од прва година од Институти на Филозофскиот факултет на која беа присутни 91 студент; Одржани се 2 фокус

групи[59] за превенција од ТЛ на студенти кои ја користат програмата „Патувај и работи„. Посебно беа истакнати прашања во врска со трговијата за трудова експлоатација.

- **Превентивни активности**

Во насока на имплементирање на оваа стратешка цел, со поддршка на Мисијата на **ОБСЕ** во Скопје, Комисијата во соработка со МОН, МТСП и Отворена Порта, спроведе **широка повеќегодишна кампања за подигање на свеста кај младите, учениците, наставниците и ранливите групи за опасностите и ризиците од експлоатација и трговија со луѓе/деца**. Кампањата насловена како **#Отвори очи** (#OpenYourEyes), започна во 2017г и се очекува да продолжи до 2021 г. Во текот на 2019г, оваа кампања беше спроведена во 20 средни и основни училишта во земјата и со неа беа опфатени околу 400 ученици односно млади лица кои се посебно ранливи на насилство, експлоатација и трговија со деца. Во кампањата се прикажуваше 30-минутен едукативен филм „Набљудувачи", по што следуваше дискусија со учениците, наставниците и стручните служби во училиштата за препознавање и идентификување на ризиците и опасностите од трговија со деца. Мисијата на ОБСЕ обезбеди превод и титлување на филмот на македонски, албански, турски и ромски, и се користеше во спроведување на превентивни и едукативни активности што ги спроведуваа многу домашни владини институции и Здруженија, како и меѓународни организации активни во оваа област.

Во 2019г **Министерството за внатрешни работи**, односно Секторите за внатрешни работи (СВР), преку надлежните организациски единици за превенција, реализираа активности кои се во врска со превенција и заштитата на децата од трговија со луѓе, појавните облици, можностите за заштита, како и активности за превенција од злоупотреба, занемарување и насилство.

Воедно беа организирани и активности преку средби со граѓани за подигнување на јавната свест со цел превенирање ТЛ/ТД. Во извештајната 2019г, активностите со ученици од основните и средните училишта се реализираа преку: едукативни предавања, организирани трибини и активности во средните и основните училишта, на кои се одржани презентации, дискусии на тема трговија со луѓе/деца. Реализирани се приближно 300 активности на

[59]на едната фокус група учествуваа 9 студенти од кои 3 веке ја користеле оваа програма и ги презентираа нивните искуства. На другата фокус група беа присутни 8 студенти, од нив 5 имаа аплицирано за користење на оваа програма.

подрачјето на сите регионални СВР. Истие се релаизираа во рамките на активностите „Безбедност во училиштата", „За безбеден град", Превенција и заштита од насилство меѓу учениците. Правна социјализација на младите и едукативни предавања со корисници на услуги на студенстки домови.[60]

Во реализацијата на дел од активностите, учествуваа претставници од здруженија и регионалните центри за гранични работи.

Во општина Куманово, одржани се 5 тематски средби со граѓани од местата: Слупчане, Опаје, Лојане и Ваксинце. На тематската средба разговарано е за препознавње на кривичните дела, известување и соработка со полицијата или други органи и институции за превенирање на ТЛ во сите појавни облици.

Во координација со Здруженијата– припадници на ромската етничка заедница, ЦСР Куманово и претставници од општина Куманово, реализираа две трибини на тема Деца на улица и малолетнички бракови.

**Со поддршка на Канцеларијата на Советот на Европа** во Скопје беа спроведени повеќе активности:

- 25 јануари, ЕУ Инфо центар, Скопје: Во соработка со Здружението Отворена Порта и МЗМП, организираше јавно предавање за ТЛ од страна на меѓународен консултант наменето за студенти по право и претставници на Здруженија (вкупно 22 учесници).
- 6 јануари, Скопје: Преведени и дистрибуирани пресудите на Европскиот суд за човекови права *Chowdury and others v. Greece* и *Rantsev v. Cyprus and Russia,* како и Водичот за примена на член 4 од Европската конвенција за човекови права.
- 9 април, Скопје: Организирано предавање на тема Совет на Европа и детските права, вклучително и заштитата од ТЛ за ученици од ОУ "Кузман Јосифовски-Питу"-Скопје (вкупно 10 ученици).
- 5 ноември, Правен факултет Јустинијан Прима, Скопје: По покана на Правниот Факултет, познатиот експерт по Криминологија, Професор Ван Дајк одржа предавање за статистичка обработка и прогноза на студентите кои следат пост-дипломски студии по Кривично право (вкупно 20 учесници).

Во текот на 2019г **Црвениот крст на РСМ** со цел подигање на свеста на младата популација за ТЛ своите активности ги имплементираа

[60](2 во Битола), ученички домови (1 во Прилеп) и една средба во заводот за рехабилитација на лица со посебни потреби во Битола.

преку 33 општински организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје. Организирани се 2 обуки за врснички едукатори за превенција од ТЛ со кои се опфатија 15 волонтери на Црвениот крст од Неготино, Свети Николе и Велес. Обучени се 2 тренери за едукатори, во периодот од 11-14 ноември 2019г во организација на Регионалната канцеларија на Меѓународната федерација за Европа во Будимпешта, на тема „Заштита, недискриминација по однос на пол/род и инклузија со посебен фокус на трговија со луѓе во контекст на миграции".

**Здружението на граѓани „Отворена Порта-Ла Страда"** како дел од програмата за превенција и едукација спроведе:

- 12 **Превентивни работилници** (260 деца) со млади од средни училишта, со цел да се запознаат со проблемот на ТЛ, да се информираат како можат да се заштитат и каде можат да се побараат помош.
- **Четиридневна обука на средношколци**, (65 средношколци) организирана од ОБСЕ, со цел да ги запознае младите со проблемот на ТЛ, како да се заштитат и каде да се упатат во случај на потреба.
- 16-17 април во Охрид, Мисијата на ОБСЕ во Скопје во соработка со МОН, МТСП и Здружението Отворена Порта организираше дводневна обука за обучувачи наменета за наставници на тема „Превенција од трговија со луѓе/деца." Обуката беше наменета за околу 25-30 наставници и стручни служби во средните училишта што ќе придонесе во намалување на ранливоста на младите.
- **Обука на средношколци од Штип**, Отворена Порта организира обука за 25 средношколци од Штип со цел да ги запознае младите со проблемот на ТЛ, како да се заштитат и каде да се упатат во случај на потреба.
- Организиран е **младински камп**, за млади на возраст од 17-26 години од Македонија на кој што учествуваа 45 млади. Целта на кампот да се стекнат со знаења и вештини за проблемот на ТЛ како и креирање и спроведување на младински кампањи и вклучување во борбата против ТЛ.

Кампањи спроведени од Отворена Порта:

- **Заедно против трговија со луѓе – #МладиВоАкција** 11 тимови на млади беа поддржани во патот кон осмислување и имплементирање на успешни младински кампањи на територијата на цела СРМ во Скопје, Штип, Велес, Берово, Прилеп, Битолаи Куманово. Вклучени се

45 млади на возраст од 16 до 26 години во кампањата, додека пак преку младинските кампањи беа опфатени повеќе од 100 000 корисници.

- **Конечно Правда**, Кампања од истоимениот европски проект се спроведе на Социјалните медиуми од 1 ноември до 9 декември 2019г. Кампањата се состоеше од серија од 4 промотивни видеа и 9 дизајнирани изјави со претставници од релевантни институции, адвокати кои работат со жртви на ТЛ, претставници од Здруженија и др. Видеата и изјавите беа насочени кон подигнување на свеста за потребата од правото на компензација и новиот закон за паричен надомест за жртвите на ТЛ и насилен криминал. Кампањата се водеше преку социјалните медиуми како главна алатка за пренесување на порака, а објавите постигнаа просечна гледаност од 15.000 по објава.
- **Публикација на видео** за подигање на јавната свест за постоење на феноменот на ТЛ во РСМ и промоција на СОС бројот. По повод Европскиот ден за борба против ТЛ Отворена Порта промовираше видео запис на македонски и албански јазик од 46 сек. за подигнување на јавната свест за постоечкиот проблем и се емитуваше на две национални телевизии (Канал 5 и Алфа тв). Спотот се емитуваше во период од 17.10.2019 до 31.10.2019 вкупно 33 пати во ударни термини.

**ИРИС Балкан Медиа, Караван на пат низ мигрантската рута**, 20 новинари од 5 држави поминаа 6 дена медиумски караван во посета на 3 земји, 7 кампови за мигранти и 10 Здруженија кои обезбедуваат социјални услуги за мигранти по трасата. Балканскиот медиумски караван е организиран во рамките на проектот „ИРИС мрежи на граѓански организации за управување со чувствителна заштита при миграцијата“. Над 7 милиони луѓе беа опфатени преку емитување ТВ извештаи, со дополнителни достигнувања од скоро 50.000 луѓе преку весници, веб и радио публикации. Кампањата на „Фејсбук“, „Твитер“, „Јутјуб“ и „Инстаграм“ ни донесе над 200.000 опфатеност, така што исходите од ИРИС Медија Караванот потенцијално достигнаа над 7,5 милиони луѓе низ земјите од Западен Балкан.

**Дали сте знаеле дека?** Кратка кампања која се ширеше на социјалните медиуми наменета за промоција на СОС линијата и услугите кои што таа ги нуди, кој може да ја користи, како може да се јави и слично. Кампањата беше составена од дизајнирани информативни објави кои стигнуваа преку 1000 прегледувања и повеќе од 20 споделувања.

**ИОМ Спроведе веб базирана кампања** за сензибилизирање на широката јавност и медиумите, како и високо-ризичните категории, за ризиците поврзани со миграција, со фокус на ТЛ, и подобрување на свеста за опасностите кои произлегуваат од истите, како и информирање за начини на кој може да се пријави експлоатација и да се побара помош на 10 веб портали.

**МЗМП** имплементираше посебна компонента за подигнување на јавната свест за мигрантите и бегалците во РСМ.[61] Во рамките на компонентата, беше спроведена **кампања за борба со ТЛ со наслов – *„Поблиску од колку што мислиш“*** која вклучуваше изработка на видеа, отварање на посебна „Фејсбук“ и „Инстаграм“ страна, изработка на лажни вести во кои се нуди работа и други поволности со цел подигнување на свеста на лицата дека можат лесно да станат дел од синџирот на ТЛ, изработка на билборд постер поставен на повеќе места низ градот, вклучување на инфлуенсери кои споделуваа информации од кампањата, изработка на нова веб страна за потребите на кампањата. Кампањата беше поддржана од Национална комисија за борба против ТЛиИМ.

## 3. Поддршка и заштита на жртвите и мигрантите

### 3.1 Механизми за идентификација и упатување на жртвите

Со цел јакнење на националните капацитети и зголемување на ефикасноста на полицијата и обвинителството во сузбивањето на организираните форми на криумчарење мигранти и ТЛ во изминатата година продолжи ефективно и ефикасно да функционира **НЕСКМТЛ** која беше формирана во 2018г[62]. Истата се формираше со цел да се подобри координацијата и соработката помеѓу МВР и Јавното обвинителство за гонење на ограниран криминал и корупција на РСМ за сузбивање на кривични дела поврзани со ТЛиКМ. Националната единица се финансира од предвидените буџети на МВР и Јавното обвинителство на РСМ, како и од меѓународни фондови.

Во насока на јакнење на националните капацитети за идентификување на жртви/потенцијални жртви на трговија со луѓе

[61] Во рамките на проектот на УСАИД за заштита на човековите права на бегалците и мигрантите.

[62]Повеќе за Националната Единица во Годишниот извештај на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за 2018г.

во јануари 2018г беше потпишан *Меморандум за разбирање* помеѓу МВР и МТСП за формирање на **Мобилни тимови**[63] **за идентификација на ранливи категории, вклучително и жртви на трговија со луѓе**, кои придонесоа кон продлабочување на соработката помеѓу овие две институции со цел идентификација на ранливите категории лица, меѓу кои спаѓаат и жртвите на ТЛ.

Формираните Мобилни Тимови (**5 МТ) во Скопје, Битола, Куманово, Гевгелија и Тетово** во рамките на проектот "Зајакнување на националните капацитети во областа на азилот, миграциите и трговијата со луѓе" финансиран од Европската Унија поддржан од ИОМ, продолжија со работа и во 2020г, пред се претставниците на институциите, кои се дел на истите, додека ангажманот на Здруженијата е на волонтерска основа до усвојување на буџетот на МТСП каде е предвиден нивниот ангажман. Мобилните тимови во текот на референтниот период постигнаа извонредни резултати во идентификација на жртви и потенцијални ЖТЛ кои биле упатени на соодветна помош и поддршка до други релевантни институции.

Мисијата на **ОБСЕ** донираше техничка опрема неопходна за извршување на работата на мобилните тимови, МТСП и МВР на планот на борбата против трговијата со луѓе. Имено, беа **донирани 10 лап-топови и пет печатари**, за користење на сите членови на мобилните тимови.[64]

Мегународната организација за миграции **ИОМ**, изработи веб апликација за скрининг и идентификација на ранливи категории странци. Апликацијата ќе овозможи скрининг, идентификација и упатување на ранливата категорија странци низ процесот и институции со кои ќе обезбеди соодветно индивидуално исполнување на посебните потреби на лицето кое е идентификувано како ранлива група. Апликацијата е изработена во рамките на регионалниот проект, финансиран од стејт департментот на **САД**, Биро за население, бегалци и мигранти. Апликацијата дава правни основи заради кои лицето е упатено токму кон таа институција, односно кон конкретен службеник одговорен за одредена специфична област.

---

[63]Мобилните тимови се во состав од претставник на ЦСР, полициски службеник и претставник на здружение на граѓани. Истите почнаа да функционираат во март 2018г до јуни 2019г со можност за нивно институционализирање.

[64]По еден лап-топ е доделен на канцеларијата на НМУ-МТСП, началникот на НЕСКМТЛ, Отворена Порта/Ла Страда, МЗМП и Дневниот центар за деца на улица во Шуто Оризари.

## 3.2 ИДЕНТИФИКАЦИЈА, УПАТУВАЊЕ И ДИРЕКНА ПОМОШ НА ЖРТВИТЕ

Во РСМ злоупотребата на деца преку присилна сексуална експлоатација и присилните бракови, останувaат доминантни форми на ТЛ. Во текот на 2019г, од страна на институциите[65] идентификувани се **6 жртви на трговија со луѓе,** од кои **4 деца/женски,** по националност 3 државјани на РСМ, 3 се странски жртви од кои две од Косово и 1 од БиХ.

Домашните жртви потекнуваат од скопскиот, источниот и југоисточниот регион, додека нивната експлоатација е вршена на подрачје на Тетово, Радовиш и Штип.

Жртвите на ТЛ се сите од женски пол, 3 се жртви на присилен брак (и сексуална експлоатација), 2 се трудова експлоатација (од кои една со присилно питачење) и 1 сексуална експлоатација.

Од идентификуваните жртви на ТЛ, 4 се сместени во ЦЛЖТЛСН, 2 биле сместени во Прифатниот центар за странци при што на 1 од странските жртви и е издадена дозвола за привремен престој. На жртвите им е обезбедена помош и заштита која опфаќа обезбедување на медицинска помош, едукација, храна, хигиенски материјали, облека и помош во ресоцијализација или упатување и поврзување со други институции и организации во зависност од нивните индвидуални потреби.

Во ЦЛЖТЛСН со поддршка на **ИОМ**[66] беа ангажирани 2 лица, психолог и социјален работник кои обезбедија психо-социјална помош и поддршка на 89 потенцијални и жртви на трговија со луѓе преку **Фондот за директна асистенција**[67] на жртвите и потенцијалните жртви на ТЛ.

За периодот јануари – декември 2019г вкупно 407 корисници за првпат биле контактирани и информирани од страна на **мобилните тимови**, од кои **5 се идентификувани како жртви** на трговија со луѓе сите женски лица, 4 на возраст под 18 години и 1 над 18 години. Од нив 3 се државјанки на РСМ и 2 се странски државјанки.

**86 потенцијални жртви** на ТЛ (67 женски и 19 се машки лица се на возраст од: 62 лица на возраст под 18 години додека 24 лица се на

[65]МВР/НЕСКМТЛ, МТСП/НМУ и мобилните тимови.

[66]Во рамките на проектот "Зајакнување на националните капацитети во областа на азилот, миграциите и трговијата со луѓе" финансиран од Европската Унија.

[67]Истиот опфати поддршка во храна и хигиенски материјали, облека, медицинска помош, правна помош, обуки за унапредување на професионалните вештини и други активности за реинтеграција и ресоцијализација на жртви/деца жртви.

возраст од 19-50 години). Заради нивната особена ранливост и висок ризик од појава наТЛ, **316 спаѓаат во категоријата ранливи лица** но без ризик од трговија со луѓе. Од нив 243 се женски и 164 се машки лица. 357 биле државјани на РСМ и 50 лица се странски државјани.

**Здружението на граѓани „Отворена Порта-Ла Страда"** продолжи да го обезбедува 24 часовно ЦЛЖТЛСН преку овозможување на сменска работа на стручен тим на „Отворена Порта-Ла Страда" во Центарот, за 5 лица кои беа идентификувани и сместени и 5 лица кои го продолжија престојот од предходната година.

Дополнително е обезбедена стручна помош на 7 лица кои се вклучени во Програмата за придружна социјална работа преку активности за нивна реинтеграција во општеството. Обезбеден стандарден пакет на услуги за задоволување на основните потреби (сместување, храна, хигиенски пакети) за сите лица вклучени во Програмата за психосоцијална поддршкаОсновен пакет од медицинска помош е обезбеден за 10 лица вклучувајќи и болнички третмани и користење на услуги од специјалисти. За 3 лица направени се вештачења од стручно лице – психијатар. Психо-социјално советување е обезбедено на сите 17 лица вклучени во програмата и една штитеничка повторно е вклучена во образовен процес преку полагање на класен испит за завршено одделение и истата го продолжи образованието во средно стручно образование. Од лицата кои престојуваа во ЦЛЖТЛСН, од минатата година 2 лица продолжија образование во училиште за возрасни „Макаренко", 1 продолжи образованието во редовна настава. Со цел да се олесни пристапот на пазарот на труд една штитеничка беше запишана и успешно го заврши курсот за масажа. Четири деца се вклучени во редовен образовен процес со посебна програма за странци.

Организацијата континуирано обезбедуваше стандардни пакети на услуги за задоволување на основните потреби, правна, медицинска, психо-социјална помош и поддршка и вклучување во алтернативен образовен процес на ЖТЛ/мигранти и баратели на азил во Визбегово.

**УНХЦР** обезбедува континуирана подршка на МВР и МТСП во делот на спроведување на СОП за постапување со непридружувани деца-странци и СОП за постапување со ранливи категории лица-странци:

- Поддршка на стручен кадар (1 лице) во засолниште за жртви на трговија со луѓе преку партнер Отворена Порта- Ла Страда (јануари-декември 2019г)

- Психосоцијална поддршка на 973 бегалци/мигратни и баратели на азил, потенцијални жртви и жртви на ТЛ во Прифатен центар за баратели на азил Визбегово и Прифатно-транзитен центар Винојуг, преку партнер Отворена Порта- Ла Страда (јануари- декември 2019г)
- 1 преведувач од/на Фарси во Прифатен центар за баратели на азил Визбегово преку партнер Ла Страда (јануари- декември 2019г).

Дополнително, **УНХЦР** обезбедува итна медицинска интервенција во живото-загрожувачки ситуации и ограничена хуманитарна помош на бегалците и лицата кои имаат потреба од хуманитарна помош и транзитираат на различни локации.

Бесплатна правна помош на лицата кои ќе побараат признавање на право на азил, преку обезбедување пристап до правниците присутни на терен (МЗМП во Винојуг и Табановце, како и на територија на РСМ).

### 3.3 Правна помош на жртви на трговија со луѓе и мигранти

**Здружението на граѓани „Отворена Порта-Ла Страда“** обезбеди правна помош и застапување на 3 лица жртви на ТЛ, во различни фази на постапката за заштита на нивните права. Дополнително беше обезбедена правна помош за 4 лица кои се затекнати во Центарот, од минатата година, а се вклучени во програмата за психосоцијална поддршка.

**МЗМП** во 2019г преку свои претставници во мобилните тимови[68] продолжи да обезбедува правна помош и правно советување на жртвите на трговија со луѓе, потенцијалните жртви и ранливите категории на лица во однос на условите и постапката за поднесување на барање за бесплатна правна помош до подрачните канцеларии на МП во градовите во кои има свои претставнци.

Освен преку мобилните тимови, МЗМП ја следи ситуацијата со илегалната миграција во РСМ и преку своите теренски правници во Прифатните центри во Табановце и Винојуг и во соработка со претставниците на МТСП, е вклучена во делот на идентификација и упатување на жртвите на ТЛ до мобилните тимови како и до Комисијата.

[68] Подджани од страна на ИОМ преку ЕУ проект „Зајакнување на националните капацитети во областа на азилот, миграцијата и трговијата со луѓе“

## 4. Буџет

Спроведените активности се реализирани во партнерство помеѓу Комисијата, институциите, меѓународните организации и здруженијата на на РСМ, преку донатори и партнери кои придонесоа во имплементација на спроведените активности за борба против ТЛиИМ како и тековно функционирање на центрите за згрижување на жртви наТЛ.

Табела1: Спроведени активности преку обезбедени средства од:

| | |
|---|---|
| МВР | 194.160,00 мкд |
| Прифатен центар за странци | 2.211.960,00 мкд |
| МТСП за ЦЛЖТЛСН [69] | 1.500.000,00 мкд |
| Меѓународни организации[70] | 54.466.303,00 мкд |
| Здруженија на граѓани[71] | 35.710.942,00 мкд |
| **Вкупен буџет изнесува** | **94.083.365,00 мкд** |

[69]МТСП финансира режиски трошоци вкупно **1.500.000.00 мкд**, од кои средства за прв пат ја финансира услуга во ЦЛЖТЛСН во износ од 1,200,000 денари со потпишан договор со здружението Отворена порта.

[70]Меѓународната организација за миграции ИОМ Скопје во рамки на регионалните и националните проекти/активности обезбеди груби пресметки од вкупните проектни буџети предвидени за имплементација на околу 25,000 усд или **1.381.785 мкд**. Мисијата на ОБСЕ во Скопје 85.000€ или **5.227.075** мкд, UNHCR **6,093.722мкд**, ICMPD обезбедени за имплементација на проектот Study on Trafficking Resilience and Vulnerability en route to Europe (STRIVE): 564,017.54 € или **34.685.800 мкд**, Канцеларијата на Совет на Европа во Скопје преку проектот на Хоризонталниот инструмент обезбеди 114.867€ или **7.077.921мкд**.

[71]Во тековната 2019г Здруженијата на граѓани своите активноости ги спроведоа волонтерски и од сопствени средства без надомест за финансирање на активности од Буџет на РСМ. „Отворена порта Ла Страда" за актвности наменети за трговија со луѓе искористи **33 737 000 мкд**. Македонското здружение на млади правници обезбеди средства 27.204€ или **1.676.942мкд**, Црвениот крст на Република Северна Македонија средствата за спроведување на активностите за едукација на млади ги обезбеди преку Агенција за млади и спорт **297.000 денари**. Здружението за еднакви можности СЕМПЕР Битола како и Здружението на граѓани „За среќно детство„ своите активности ги спроведоа на волонтерска основа.

## 5. Истрага и кривично гонење на трговија со луѓе и криумчарење мигранти

### 5.1 ПРЕДИСТРАЖНА ПОСТАПКА

#### 5.1.1 Трговија со луѓе/дете

- **Министерство за внатрешни работи**[72]

Во текот на 2019 година, НЕСКМТЛ, превзема мерки и активности во 5 (пет) случаи во врска со трговија со луѓе и трговија со дете. **Идетнификувани се 6 женски жртви на трговија со луѓе/дете (на возраст од 15 до 27 години), од кои 4 деца и 2 полнолетни жртви, 3 се македонски државјани, 2 државјанки на Косово и 1 на Босна и Херцеговина.**

Од децата: 1 е жртва на ТЛ со цел сексуална експлоатација, 1 сексуална и присилен брак, 1 присилен брак и 1 е жртва на трудова експлоатација. Од возрасните: 1 е присилен брак и 1 е трудова експлоатација во комбинација со питачење. Сите идентификувани жртви се **упатени и згрижени согласно СОП.**

Во врска со пријавените случаи и идентификуваните жртви на трговија со луѓе, од страна на НЕСКМТЛ поднесени се **3 кривични пријави** и обезбедени материјални докази **за 6 лица** сторители на кривични дела на трговија со дете, како и поднесени се две известувања до ОЈО за ГОКК, за два случаи за лица инволвирани во кривичните дела трговија со луѓе/дете.

Во однос на ***половата структура*** на сторителите, четири од лицата се од машки, а две од женски пол, додека според возраста, две од пријавените лица се на 38 годишна возраст, а по едно лице се на 18, 20, 23 и 45 годишна возраст.

Во однос на откриените, идентификувани лица во текот на 2019г за кои постојат основи на сомнение дека се инволвирани во извршување на кривични дела од областа на ТЛ од страна на НЕСКМТЛ беа поднесени 5 известувања до ОЈО за ГОКК за лица за кои постои сомнение дека се сторители на кривични дела „Трговија со луѓе/дете“, од кои три резултираа со поднесени (три) кривични пријави против 6 сторители.

Во однос на лица за кои постојат основи на сомнение дека се инволвирани во извршување на кривични дела од областа на

[72]Податоци добиени од Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа.

криумчарење на мигранти од страна на НЕСКМТЛ беа пријавени 43 лица (4 кривични пријави).

Во рамките на МВР-Секторот за известување и координација на состојби функционира **апликацијата „Red Button“** која им овозможува на граѓаните електронски да пријават одредено кривично дело, сознание или информација која се однесува на злоупотреба на деца, трговија со луѓе како и криминал од омраза. Во 2019г регистрирани се 3 пријави за трговија со луѓе кои се препратени до НЕСКМТЛ за натамошно постапување.

- **Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција**

За кривично дело **Трговија со луѓе по чл.418-а од КЗ** во текот на 2019г не е поднесена кривична пријава, поради што не е оформен ни предмет по истото дело.

За кривично дело **Трговија со дете чл. 418-г од КЗ,** во текот на 2019г оформени се 3 предмети по поднесени 3 кривични пријави од МВР. Пријавите се против 5 машки и 3 женски лица од кои за 2 машки и 2 женски лица се превземаат дејствија во претходна постапка, додека за 1 машко лице поднесен е обвинителен акт за кој постапката е во тек.

**Табела 2 : Табеларен приказ на идентификувани жртви на трговија со луѓе2019г**

| ЖРТВИ 6 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Деца 4 | | | | Возрасни 2 | |
| Домашни 3 | | Странски 1 | | Домашни / | Странски 2 |
| Вид на експлоатација | | | | Вид на експлоатација | |
| Сексуална 1 | Присилен брак 1 | Присилен брак и сексуална 1 | Трудова 1 | Присилен брак 1 | Трудова (питачење) 1 |
| Потенцијални жртви на трговија со луѓе 124*[73] од кои 85 деца (91женски и 33машки лица) | | | | | |

**Од вкупниот број на идентификувани потенцијални жртви 29 се странски од кои 14 се идентификувани помеѓу илегалните мигранти.*

[73]Кај сите идентификувани потенцијални жртви недостасува елементот на експлоатација, со што истите не можеле да се идентификуваат како ЖТЛ, како што е предвидено со битието на кривичното дело.

Потенцијалните жртви на ТЛ се идентификувани од:

- **НЕСКМТЛ** во 2019 г идентификуваше **13** потенцијални женски жртви на трговија со луѓе од кои 6 деца;
- **Мобилните тимови** – идентификуваа **86** потенцијални жртви на ТЛ, од кои 67 од женски пол а 19 мажи; 62 деца и 24 возрасни;
- Здружението **„Отворена Порта-Ла Страда“**, меѓу мигрантите идентификуваше **14** лица потенцијални жртви ( 8 возрасни од кои 7 мажи и 1 жена и 6 деца односно 1 девојче и 5 момчиња).
- Здружението **„За среќно детство„** при опсервација на деца на улица идентификуваше **11** деца на улица потенцијални жртви на трговија со деца (9 од женски и 3 од машки пол).

Ваквото проактивно делување и давањето на помош и поддршка на потенцијалните жртви придонесува во спречување на трговијата со луѓе и ја нагласува потребата од поголема теренска активност помеѓу ранливите групи.

### 5.1.2 Криумчарење мигранти

- Министерство за внатрешни работи

Миграциските текови изминатите неколку години бележат брзи промени во од и преку земјите од Западен Балкан. Актуелен ризик со кој се справува граничната полиција се илегалните движења на мигрантите од земјите на воените конфликти кон Европа, каде постојат релативно подобри услови за социјално-економски живот. Нивното движење доаѓа првенствено од Турција, преку која започнува транзитирањето на мигрантите од Блискиот исток (во најголем дел од земјите од Северо-западна и Источна Африка и Јужна Азија).

Стратешката позиција на Западен Балкан, која ги поврзува „истокот“ и „западот“ служи како фактор кој ги привлекува мигрантите. Рестриктивната политика и зголемените гранични контроли на Балканот, придонесоа за воспоставување на нови алтернативни миграциски рути за илегално преминување на мигрантите- појавата на т.н. „Јадранска крајбрежна рута“ која минува од Грција, преку Албанија, Црна Гора, Босна и Херцеговина кон Хрватска и Словенија, а во голем дел и преку РСМ.

Присутната закана во соседните земји и во земјите на Европска унија влијае и врз границите на РСМ. Иако нашата држава, не претставува

крајна дестинација, сепак е дел од рутата која води до посакуваната дестинација. Во таа насока, и бројот на обидите за илегални преминувања бележат тренд на зголемување за 45,6% во споредба со 2018г. Регистрирани се вкупно 24.601 обиди за илегални преминувања, при што значајно е да се истакне дека бројот на откриените мигранти значително е зголемен во вториот квартал од 2019г и со ист интензитет продолжува.

Анализирајќи ги состојбите по граници, на границата со Р Грција ризикот од илегални преминувања од мигранти е на високо ниво, кој е со речиси 90% застапеност на обидите. На овој дел од границата, илегалните мигранти претежно во ноќните и раните утрински часови ја поминуваат државната граница и го користат временскиот период кога се врши смена на патролните тимови. Најчесто патуваат во големи групи од иста националност за да избегнат ризик да бидат нападнати или ограбени.

На границата со РСрбија, бројот на обиди е зголемен за 27%. Тука забележана е промена во правецот на движење на мигрантите- обратен правец на движење (од Србија преку нашата држава кон РГрција). Ваквата состојба е резултат на повторното враќање на визниот режим на РСрбија со државјаните на Иран, кои претходно користејќи директни авионски линии воведени од Техеран и Истанбул доаѓаа до Белград, а потоа со помош на криумчари преку нашата земја транзитираа до Р Грција со намера да заминат до некоја од Западно европските земји.

Зголемување на обидите е регистрирано и на источната граница со Бугарија, каде бројот е во пораст за пет пати како резултат на зголемениот број на откриени случаи на криумчарење на мигранти, како и на западната граница со РАлбанија, каде бројот на регистрираните обиди е исто така зголемен за над 63%, пред се поради илегална работа во пограничните села.

Разгорувањето и појавата на нови вооружени конфликти, затворањето на Западно-балканската рута и политичките одлуки, влијаеја на промена на структурата на мигранти, а придонесоа до појава на злоупотреба на правниот систем за азил како една од клучните алатки на мигрантите и криумчарите. За разлика од 2015г и 2016г, кога најголем број на мигранти беа со потекло од Сирија, во последните години топ пет земји кои доминираат, особено оваа година се мигранти од Пакистан, Авганистан, Бангладеш, Индија и

лицата без државјанство, додека нивната динамика на движење зависи од одредени фактори и политички одлуки кои беа преземени.

Клучна активност во борбата против актуелните безбедносни предизвици и тенденции претставува напредокот во реализирање на меѓународната соработка, зацврстена меѓународна доверба, зголемена размена на информации, која е најдобар доказ за нашата подготвеност да го направиме безбедносниот амбиент уште поповолен, а со тоа и напредокот во европските интеграции уште побрз. Размената на информации се врши преку веќе воспоставените канали како што се Европол, Интерпол, Фронтекс и офицери за врска, а истата е овозможена врз основа на членување во меѓународни организации, иницијативи, договори и конвенции. Во таа насока се продолжи со организација и координација на севкупните активности поврзани со реализацијата на меѓународната "Заедничката операција за засилен надзор на јужната граница на РСМ, со ангажирање на полициски службеници од странство". Во ваквата активност партиципираат полициски службеници од осум земји (Хрватска, Србија, Словенија, Австрија, Чешка, Полска, Унгарија и Словачка). Истите заедно со припадници на граничната полиција, во заеднички мешани патроли вршеа засилен надзор на јужниот дел од државната граница чија цел е спречување на обидите за илегален влез или излез на мигранти од РГрција, како и откривање на случаи на криумчарење мигранти.

**Илегалната миграција** сама по себе го носи и ризикот од зголемен број на активности на криминалните групи поврзани со криумчарење на мигранти кои се обидуваат по секоја цена да стигнат до посакуваната дестинација. Бројот на откриените случаи, кривичните дела и мигрантите бележат тренд на зголемување, а сузбиени се четири организирани криминални групи. Со реализираните случаи спречено е **криумчарење на вкупно 1.529 мигранти**, чиј број исто така бележи позитивен тренд на зголемување од 71,6% во споредба со минатата година. Според структурата, 43,5% од криумчарените мигранти се по потекло од Пакистан, а во топ три земји спаѓаат и мигранти од Авганистан со 28,2% застапеност и мигранти од Бангладеш со 14,3%.

И кривичните дела и сторителите бележат пораст за 11,4%, односно 55% во однос на минатата година. Мерки на кривичен прогон се преземени против 96 лица за сторени 49 кривични дела „криумчарење на мигранти", од кои 89,6% се македонски државјани, а

останатите десет се по тројца косовски и пакистански и по еден индиски, непалски, турски и бугарски државјанин.

Посебен акцент во справувањето со овој вид на криминал има НЕСКМТЛ, од чија страна детектирани и сузбиени се четири организирани криминални групи.

Првата 21 члена криминална група (меѓу кои за помагање е пријавен и полициски службеник) на организиран начин криумчарела мигранти по потекло од Авганистан, Пакистан, Ирак, Бангладеш и други земји од Блискиот Исток, кои престојувале на територија на РГрција, преку зелената граница во околината на Дојран и Гевгелија, а потоа ги превезувале до Кумановско-Липковскиот регион и привремено биле сместувани во селата Ваксинце и Лојане од каде биле криумчарени во Р Србија.

Втората сузбиена криминална група е тричлена група, која нелегално пренела 15 мигранти по потекло од Пакистан, Еритреја, Иран и Авганистан од РГрција до Гевгелија, а потоа се обидела да ги превезе до кумановско липковскиот регион.

Во третата група составена од 14 лица, (меѓу кои и лице од Средниот Исток кое престојува во РГрција), во период од седум месеци прокриумчариле 400 мигранти од РГрција во РСМ и се стекнале со противправна имотна корист од околу 150.000 до 200.000 евра.

Последната група е петчлена, дел од меѓународна мрежа за криумчарење на мигранти, која во договор со организатор на криминална група од РГрција организирале пренесување на девет мигранти од Сирија од непозната локација во РГрција во близина на „Габровски водопад“ во РСМ.

За ваквите криминални активности, против 39 лица поднесени се кривични пријави за сторени **осум кривични дела** „организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти“.

Главна рута за криумчарење на мигрантите е: **коридорот 10 Гевгелија-Велес–Скопје,** при што како патни правци за транспорт на мигрантите и логистичка поддршка се користат Кумановскиот, Струмичкиот и Штипскиот регион, односно, потегот од Гевгелија и Дојран до Куманово, до границата со РСрбија. За вршење на криминалните активности се користи јака логистичка подршка, која се состои во почесто менување на возила, користење на рент а кар, често менување регистарски ознаки и таканаречени „чистачи на

патот“ кои пред да се изврши криумчарењето ја прегледуваат рутата на движење од полициски патроли и сообраќајна контрола.

Оваа година карактеристично е што при откривање на пет од случаите на криумчарење мигранти, возачите со цел да ги избегнат полициските патроли предизвикуваат сообраќајни незгоди удирајќи во други возила. Исто така, модус кој се користи за криумчарење на мигрантите е со преминување на граничен премин сокриени во возило. Регистрирани се четири такви случаи, два на граничниот премин „Богородица“ и по еден на граничните премини „Долно Блаце“ и „Табановце“, при што во возилата се пронајдени сокриени 12 мигранти (осум од Ирак, двајца од Непал и по еден од Косово и од Индија).

- **Прифатен центар за странци**

Во Прифатниот центар за странци во Скопје, во текот на 2019г, биле сместени 319 лица, од нив 304 од машки, 15 од женски пол. Според земјата на потекло, најголем дел од лицата се од Пакистан-80, Авганистан-59, Сирија-35 и Бангладеш-31, а во однос на возраста, 249 од лицата се на возраст од 18 до 35 години, 36 лица на возраст од 36 до 59 години, 33 на возраст од 14 до 17 години и едно лице над 60 годишна возраст.

- **Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција**

За кривично дело **Криумчарење мигранти чл. 418-б од КЗ,** во текот на 2019г оформени се 52 **предмети** (44-се предмети по поднесени пријави од МВР и 8 се предмети оформени по поднесени известувања од МВР), против вкупно **78 лица,** од кои 77 се мажи а 1 жена, по кои е постапено на следниот начин:

- За 3 оформени предмети против 7 лица (мажи) донесени се одлуки да се превземат дејствија во претходна постапка, во еден предмет за едно машко лице пријавата е решена на друг начин односно предметот е споен со претходно оформен предмет против истото лице за истиот кривично правен настан. За 5 лица (4 машки и 1 женско лице) донесени се пресуди врз основа на предлог спогодба во претходна постапка, од кои за 2 машки лица изречени се затворски казни, а за 2 машки и 1 женско лице изречена е алтернативна мерка – условна осуда. Во 22 предмети против 28 машки лица поднесени се обвинителни предлози по кои за 7 машки лица (главната расправа е во тек), а за 21 машко лице

донесени се првостепени осудителни пресуди и тоа за 10 машки лица изречени се затворски казни, а на 11 машки лица изречена им е алтернативна мерка – условна осуда. По поднесена жалба на првостепената пресуда со која е изречена алтернативна мерка – условна осуда, за едно лице донесена е второстепена одлука со која што првостепената пресуда е потврдена. Во 21 предмет против 36 машки лица издадени се наредби за спроведување на истражната постапка, од кои за едно машко лице донесена е наредба за запирање на истражната постапка, а за 13 машки лица истражната постапка е во тек. За 4 машки лица донесена е пресуда врз основа на склучена предлог спогодба во фаза на истражна постапка. За 18 машки лица по спроведена истражна постапка поднесени обвинителни акти, по кои се донесени осудителни пресуди за 13 машки лица и на истите им се изречени затворски казни, а за 5 машки лица судската постапка е во тек. По поднесена жалба од осудено машко лице на висината на изречената казна затвор од 6 години и 6 месеци, донесена е второстепена пресуда со која затворската казна е намалена на 5 години.

За кривично дело – **Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење мигранти по чл. 418-в од КЗ,** во текот на 2019г обвинителството оформи 2 предмети по поднесени 2 кривични пријави од страна на МВР. Пријавите се поднесени против 34 машки лица, за кои се издадени наредби за спроведување на истражна постапка. Поради смрт на осомничен за 1лице донесена е наредба за прекин на истражната постапка, додека за 13 лица истражната постапка е во тек. За 20 лица поднесени се обвинителни акти од кои со 2 лица склучени се предлог спогодби по поднесениот обвинителен акт и на истите со пресуди се изречени затворски казни во висина од 5 години и 6 месеци, односно 1 година и 4 месеци.

## 5.2 Кривична постапка

За кривичните дела поврзани со ТЛ и илегалната миграција во текот на 2019г, во Основен Суд Скопје 1- Скопје се примени вкупно **58 предмети**, во кои обвинети се **123 лица**, од кои завршени се **55 предмети и обвинети се 96 лица**.

Во текот на 2019г, правосилни предмети се 44 во кои **казна затвор е изречена на 50 лица**, додека условна пресуда е изречена на 33 лица, а

запрена е постапката за 1 лице. Времетраењето на **правосилните казни** затвор се движат **од 1 до 13 години**.

Структурата на обвинетите лица според националната припадност, пол и образование: најголем број албанци – 54 лица, македонци – 35 лица, турци – 26 лица, роми - 5 лица, бугари – 1 лице, и од други националности 2 лица. Од вкупниот број на обвинети лица 121 се од машки пол додека 2 се жени. Во однос на степенот на образование најголем број се со средно образование односно 51 лице, потоа 40 лица се основно образование и 1 лице е со високо образование, за 31 лица степенот на образование е непознат.

Во извештајниот период не е донесена пресуда што резултира со затварање на бизнис што се користел за извршување на ТЛ, ниту пак со конфискација на имот или парични средства.

Табела 4 : Табеларен преглед на судски предмети и обвинети лица

| Член од КЗ | Примени | | Завршени | | Правосилни | | Правосилни одлуки – по лица | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | предмети | Обвинети лица | предмети | овинети лица | предмети | Обвинети лица | Казна затвор | Условна осуда | Запрена постапка |
| **чл.418 а** | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **чл.418 б** | 46 | 79 | 51 | 87 | 38 | 63 | 29 | 33 | 1 |
| **чл.418 в** | 11 | 42 | 4 | 9 | 5 | 18 | 18 | / | / |
| **чл.418 г** | 1 | 2 | / | / | 1 | 3 | 3 | / | / |
| **Вкупно** | 58 | 123 | 55 | 96 | 44 | 84 | 50 | 33 | 1 |

## 6. Препораки

- Ефективно спроведување на процесот на евалуација на Националната стратегија и Акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2017-2020г;
- Изготвување на нова **Национална стратегија и Акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2021-2024г**;
- Ревизија на постоечките СОП за постапување со непридружувани деца-странци и СОП за постапување со ранливи категории на лица-странци;
- Јакнење на билатерална и регионална соработка помеѓу Комисиите со склучување на договори и меморандуми за соработка;
- Зајакнување на комуникацијата и координацијата помеѓу Комисијата и Локалните комисии за борба против трговија со луѓе и илегална миграција;
- Зајакнување на капацитетите на сите членови на сите Локални комисии за борба против ТЛиКМ, со цел препознавање и упатување на ЖТЛ;
- Зајакнување на функционирањето на НМУ преку дополнителни едукации и соработка со здрастевени и образовни институции;
- Континуирано следење и поддршка на процесот за изготвување на **Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела**;
- Обебедување на поддршка во спроведување на активности на НЕСКМТЛ со цел поголема идентификација на криминални групи и поединци кои на организиран начин вршат планирање, подготовка и извршување на кривични дела од областа на криумчарење на мигранти и трговија со луѓе;
- Обезбедување на континуирана поддршка за функционирање на мобилните тимови и нивно мултиплицирање, заради подобра идентификација на ранливи категории, вклучително и жртви на трговија со луѓе поради нивното ефикасно проактивно делување и давање помош и поддршка на потенцијалните жртви, кое придонесува во спречување на трговијата со луѓе и ја нагласува

потребата од поголема теренска активност помеѓу ранливите групи на територијата на целата држава;

- Обезбедување на поддршка за функционирање на Фондот за директна асистенција, како на жртвите на трговија со луѓе така и на потенцијалните жртви, со цел обезбедување на реинтеграција и ресоцијализација на истите и превенција и намалување на ризиците за појава на ТЛ кај потенцијалните жртви;
- Континуирано спроведување на мултидисциплинарни обуки со цел јакнење на капацитетите на професионалните и подобрување на идентификација на жртви и потенцијални жртви на ТЛ;
- Зајакнување на системот за борба против трговија со луѓе, особено во делот на трудовата експлотација, едукации и соработка со Државениот трудов инспекторат, синдикат, приватен сектор;
- Превентивни активности кон децата на улица и сензибилизирање и препознавање на овој феномен особено од страна на кадрите во образовниот систем;
- Ревидирање на сетот на Индикатори за идентификација на ЖТЛ/ДЖ;
- Подготовка на индикатори за идентрификација на жртви и на трговија со луѓе специјализирани за здраствени работници;
- Континуирано финасирање на Центарот за лица жртви на трговија со луѓе и сексуална експлоатација.
- Промовирање на **апликацијата „Red Button“** која ќе им овозможи на граѓаните електронски да пријават одредени кривични дела, сознанија или информации кои се однесуваат на злоупотреба на деца, трговија со луѓе и криминал од омраза.